**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**2023**

# СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ

**Коалиција МАРГИНИ**
**Скопје 2023**

# РЕЗИМЕ

Во овој преглед се анализира состојбата со човековите права на четири маргинализирани заедници во Северна Македонија: сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат droги, луѓето што живеат со ХИВ и ЛГБТИК луѓето, за периодот од 2023 година. Анализата се базира на документирани случаи од страна на Коалиција МАРГИНИ и партнерските организации.

Вкупно се документирани најмалку **130 случаи** на прекршување на правата: 28 случаи кај сексуалните работници, 27 кај луѓето кои употребуваат droги, 32 кај луѓето што живеат со ХИВ и 43 случаи кај ЛГБТИК луѓето.

Кај сексуалните работници/чки, најголемиот дел од прекршувањата се однесуваат на семејно и родово засновано насилство (17 случаи), често поврзано со нивното занимање, како и прекршувања во полициска постапка и говор на омраза. Документирани се случаи на физичко и психолошко насилство, нарушување на приватноста, дискриминација во здравствени услуги и работни односи, како и несоодветно постапување од страна на институциите. Овие случаи укажуваат на силна интерсекциска ранливост, стигма и недоверба кон институциите, што дополнително ги обесхрабрува жртвите да пријавуваат.

Кај луѓето кои употребуваат droги, најголем број прекршувања се регистрирани во обласста на полициската постапка (12 случаи), вклучително и незаконски санкции за лична употреба и случаи на тортура и деградирачко постапување. Дополнително, се бележат дискриминација во здравството и социјалната заштита, како и родово базирано и семејно насилство. Забележлива е зголемена изложеност на жените на прекршувања, како и исклучително ниска стапка на пријавување поради недоверба во институциите.

Кај луѓето што живеат со ХИВ, најголем дел од прекршувањата се во здравствениот сектор (26 од 32 случаи), најчесто во форма на одбивање на здравствени услуги и повреда на доверливоста на ХИВ-статусот. Дополнително, се регистрирани случаи на дискриминација во работните односи, како и повреди на правото на приватност. Извештајот укажува и на структурни проблеми, како недоволно и нетранспарентно буџетирање, што го загрозува пристапот до терапија и националниот одговор на ХИВ.

Кај ЛГБТИК луѓето, во 2023 година се документирани 43 случаи, од кои најголем дел се однесуваат на говор на омраза (26 случаи), вознемирување и дискриминација. Дел од случаите се поврзани со институционална дискриминација, особено кон трансродовите лица во административните постапки за правно признавање на родот. Значителен дел од прекршувањата се случуваат во онлајн просторот и медиумите, што укажува на распространета и често несанкционирана омраза во јавниот дискурс.

Заеднички за сите заедници се: високото ниво на стигма и дискриминација, честото несоодветно постапување од страна на институциите (особено полицијата и здравствените установи), како и недовербата во системот што резултира со ниска стапка на пријавување. Овие наоди укажуваат на потребата од системски промени, вклучително и сензибилизација на институциите, подобрување на законската рамка и обезбедување ефективна заштита на човековите права на маргинализираните заедници.

# ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

**Атанас Аврамов**
Координатор за застапување и политики
Здружение „Заедно посилни“ – Скопје

**Резиме**

Како и во претходните години, најголемиот број од регистрираните случаи на прекршувања на права на луѓето што живеат со ХИВ се сторени во рамки на здравствениот сектор, на сите нивоа на здравствена заштита. Загрижувачки е бројот на случаи на терцијарно ниво на здравствена заштита, каде што се очекува да преовладува постапувањето со пациентите со ХИВ врз основа на медицината базирана на докази. Истовремено, загрижувачки се и повредите на правата на луѓето што живеат со ХИВ од работните односи, што укажува дека недостасува информацијата кај работодавачите дека луѓето што живеат со ХИВ и примаат терапија се работноспособни и не ги загрозуваат другите вработени.

Од друга страна, неодговорното и нетраспаретното буџетирање на националниот буџет и буџетот на Програмата сериозно го загрозува националниот одговор кон ХИВ, но и присилува лекувањето на пациентите со ХИВ да не е во согласност со препораките на Европското клиничко здружение за СИДА. Наместо државата да бележи напредок во остварувањето на глобалните цели за ХИВ, здравствените власти сеуште бројат случаи на ХИВ, и тоа дијагностицирани во доцна или многу доцна фаза, како и смртни случаи, додека останатите држави зборуваат за ставање крај на епидемијата до 2030 година.

## Документирање на прекршувања на права на луѓето што живеат со ХИВ

Во периодот од јануари 2023 до јуни 2024 година, беа документирани триесет и два случаи на прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ – од страна на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ „Заедно посилни“ и Коалицијата Маргини. Таквиот број на случаи е од формален карактер, бидејќи се должи исклучиво на оние лица коишто го пријавиле случајот, а секако не значи дека се регистрирани сите случаи на прекршувања на права на луѓе што живеат со ХИВ. Резервираноста на лицата со ХИВ да пријават случаи на дискриминација или кршење на човековите права се должи на ризикот од раширување на информацијата за ХИВ-статусот, компликациите од обелоденувањето, како и недовербата дека институциите и националните тела што се надлежни за санкционирање на дискриминацијата и за заштита на правата на граѓаните ќе постапат соодветно и ќе го отстранат прекршувањето на правото (*Извештај на Коалиција Маргини*, стр. 29). Од регистрираните случаи, два случаи се однесуваат на неопределен број на жртви, додека сите останати се однесуваат на прекршување на права и/или дискриминација на индивидуа. Најголемиот дел од индивидуалните случаи се пријавени од самите жртви, директно во Центарот за ХИВ при Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, а по добиена согласност од жртвите, случаите се документирани во соработка со споменатите здруженија.

Во однос на родовата структура, од триесет индивидуални случаи на повреда на права на луѓе што живеат со ХИВ, во дваесет и еден случај жртвата е маж, а во девет случаи жртвата е жена. Од случаите каде што жртвата е жена, во четири случаи станува збор за одбивање на здравствена

услуга поврзана со сексуалното и репродуктивното здравје, почнувајќи од хируршка интервенција, па до спроведување на биомедицински потпомогнато оплодување.

Во однос на возрасната структура, во десет случаи жртвите се на возраст од 19-35 години, во седумнаесет случаи жртвите се на возраст од 36-55 години, а во три случаи жртвите се на возраст над 55 години.

**Права на пациенти**

Од вкупниот број на случаи, во **дваесет и шест случаи станува збор за повреда на здравствени права односно права на пациенти.** Во еден од случаите постои повреда на правата на пациентите поради претпоставен ХИВ статус. Од тие дваесет и шест случаи, **во седумнаесет случаи е сторена дискриминација во вид на одбивање на здравствена услуга, исклучиво поради ХИВ-статусот на пациентот.** Притоа, според видот на услугите, одбиени биле: индицирана хируршка интервенција во терцијарна здравствена установа, елективна естетска хируршка интервенција, преглед од специјалист во терцијарна здравствена установа, хируршка интервенција во секундарна здравствена установа, лекување кај матичен гинеколог и услуга од стоматолог. Загрижувачки е фактот што во повеќе од половина од регистрираните случаи здравствени работници одбиле да дадат здравствена услуга на пациенти со ХИВ, па макар и само преглед. Дополнително, **важно е да се напомене дека во четири случаи услугата не е дадена од страна на здравствен работник во терцијарна јавна здравствена установа** која, во согласност со Законот за здравствената заштита, е од највисоко ниво во државата и каде се очекуваат исклучителни знаења околу ХИВ, особено за ризикот на пренос. Не заостануваат ниту случаи на одбивање на здравствена услуга и во секударно ниво на здравствена заштита, односно во **осум случаи пациенти со ХИВ не добиле здравствени услуги поради нивниот ХИВ-статус во поликлиники или општи болници.**

Во девет случаи повредено е правото на доверливост односно споделување на информацијата за ХИВ-статусот на лицето од страна на здравствените работници со трети лица (други пациенти коишто чекаат во чекалната, пациенти во иста соба за здравствен престој, здравствени работници кои не се вклучени во третманот на пациентот итн.). Во речиси сите случаи, обелоденувањето на ХИВ-статусот доаѓало заедно со стигматизирачки или понижувачки однос кон пациентите од страна на здравствените работници. Покрај фактот што обелоденување на медицински податоци е спротивно на Законот за заштита на права на пациенти (*Закон за заштита на правата на пациентите,* чл. 25), повреда на работните обврски на здравствените работници (*Законот за здравствената заштита*, чл. 153 ст. 2) и кривично дело (*Кривичен законик,* чл. 150), споделувањето на ХИВ-статусот на лицата може да има сериозни последици по менталното здравје на пациентите и нивниот социјален живот.

**Права на работници**

Во периодот за известување, регистрирани се **три случаи на повреда на права на работници на луѓето што живеат со ХИВ.** Во два од случаите жртвите добиле отказ од своето работно место поради нивниот ХИВ-статус; во еден од случаите, жртвата добила отказ веднаш откако работодавачот дознал за ХИВ-статусот, додека во другиот случај, на почетокот работодавачот бил сензитивен, но подоцна жртвата трпела мобинг и притисок од нејзиниот претпоставен, по што самата дала отказ. Во третиот случај, по обелоденување на ХИВ-статусот, работникот бил советуван од страна на својот претпоставен да не се појави на наредната смена. Во меѓувреме, работникот отвара боледување поради друга дијагноза, за која било потребно мирување и лекување во домашни услови. По истекот на боледувањето, истото било продолжено поради ХИВ-статусот, без согласност

на работникот и основ за истото, за повеќе од 6 месеци. По последното продолжување, работникот бил упатен на проценка на работната способност кај специјалист.

Таквите регистрирани случаи индицираат дека постои верување помеѓу работодавачите дека луѓето што живеат со ХИВ се работно неспособни или пак дека дијагнозата на ХИВ претставува основ за отказ. Во согласност со Законот за работни односи (*Закон за работните односи,* чл. 6) и Законот за спречување и заштита од дискриминација (*Закон за спречување и заштита од дискриминација*, чл. 3 и 5), забранета е дискриминација на работник поради здравствената состојба. Дополнително, во согласност со Препораката во врска со ХИВ и СИДА и светот на трудот (*Препорака на Светска организација на трудот*), **работниците не може да се дискриминираат поради нивниот реален или претпоставен ХИВ-статус и не смее да се бара од нив да го соопштат нивниот ХИВ-статус или пак да подлежат на ХИВ-тест**. Истото е потврдено и со одлука на Европскиот суд за човекови права (*I.B. v Greece*). **Од друга страна, луѓето што живеат со ХИВ и примаат терапија се работноспособни и нема причина за нивно отстранување од пазарот на трудот, бидејќи преносот на ХИВ не се случува преку социјален контакт и со тоа, не претставуваат ризик за другите вработени.**

## Право на приватност

Во два случаи е регистрирана **повреда на правото на приватност на луѓето што живеат со ХИВ.** Во еден случај е споделена информацијата за (претпоставен) ХИВ-статус на лицето од страна на непознат сторител преку електронска порака до работодавачот, а во другиот случај веб портал објавил вест со фотографии и информации за лице со ХИВ, без негова согласност, како и дезинформации и лажни информации за лицето и општо околу ХИВ.

## Неопределен број на жртви

**Два случаи се однесуваат на неопределен број на жртви**. Во еден од случаите станува збор за дискриминација во областа на образованието, при што сторена е дискриминација врз основа на државјанство и здравствена состојба со тоа што државен универзитет бара при упис, странските студенти да поднесат лекарско уверение со направен тест за ХИВ и хепатит Ц.

Во 2024 година, документиран е проблем со обезбедувањето на терапија за ХИВ, при што било нелегитимно ограничено правото на здравствена заштита на пациентите. Имено, поради доцнењето на повикот за јавната набавка, кој беше објавен 83 дена по објавата на Програмата за ХИВ, се случија компликации при набавката и тоа предизвика **недостаток на залихи.** Пациентите беа изложени на дополнителни трошоци за почесто патување до главниот град за подигнување на терапијата и губење денови од работа, а под константен стрес и анксиозност поради можен прекин на терапијата. Прекин на терапијата беше избегнат поради иницираната комуникација од страна на Здружението Заедно посилни со низа чинители, вклучувајќи ги Клиниката за инфективни болести, Министерството за здравство, Агенцијата за лекови, релевантните дистрибутери, па сè до производителот на лекот и носител на правото на патентна заштита.

## Преземени дејствија за разрешување на повредите на правата на луѓето што живеат со ХИВ

Во консултација со и со согласност на засегнатите лица со ХИВ, **во седум од документираните случаи биле преземени мерки за отстранување на дискриминацијата.** Во случаите кога лицата

избрале да не покренуваат никакви дејства против сторителот, било дадено само советување, а во дел од нив социјалниот работник од Центарот за ХИВ при Клиниката изнашол друго решение за надминување на проблематичната ситуација на пациентот. Во шест случаи здружението на пациенти се обратило писмено до институцијата или правното лице каде што е сторена повредата, со барање да се отстрани дискриминацијата или да се спречи слична ситуација во иднина. **Од нив, во три случаи нема никаков одговор од институцијата или правното лице односно е без разрешница, а во меѓувреме жртвата се откажала од понатамошни дејствија за случајот.** Во два случаи, дописите резултирале со позитивен исход односно дискриминацијата е отстранета. Во еден случај, правното лице испратило одговор дека не дискриминирало лице со ХИВ и доставило политика за работа со пациенти со ХИВ.

Во еден случај, односно случајот со државниот универзитет и барањето за лекарско уверение со тест за ХИВ и хепатит Ц при упис на странски студенти, Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата утврди повеќекратна директна дискриминација врз основа на здравствена состојба и државјанство, со што го задолжи универзитетот да го ревидира водичот и да го исфрли конкретното барање за лекарско уверение со тест за ХИВ и хепатит Ц. Универзитетот постапи по барањето и донесе нов Водич.

**Одлуки на домашни и меѓународни судови**

Во месец април 2024 година, Основниот граѓански суд донесе пресуда за случај на дискриминација, регистриран во 2022 година. Случајот се однесува за одбивање на здравствена услуга, вклучително и преглед, од страна на стоматолог на пациент со ХИВ по дознавање на ХИВ-статусот. Во конкретниот случај, пациентот бил на антиретровирусна терапија, бил во добра здравствена состојба и нивото на вирусот во крвта бил на недектабилно ниво. **Судот ја одбива тужбата како неоснована**. Во своето образложение, судот вели дека од здравствени работници од областа на стоматологијата не може да се очекува да имаат познавања од областа на заразните болести. Во таа насока, судот тврди дека „.. (за) носител на заразна болест се применуваат различни правила за третман, за разлика од начинот на лекување на останатите пациенти кои не се носители на заразни болести.“ Судот продолжува и утврдува дека личното сметање и став на тужителот дека се чувствува добро, не може да го осуети правото на другите да сакаат да се заштитат себе си, а со тоа и нивните блиски и другите. Судот заклучува дека „тужителот не може да очекува да се занемарат мерките на заштита, за тој да добие здравствена услуга за неговите заби.“ Од друга страна, судот тврди дека тужителот не покажал грижа за здравствените работници, „дури до степен на сторување на кривично дело (за можен пренос на зараза) – нејасно е како тужителот пред овој суд се легитимира како жртва.“

Здравствени работници од секоја област, вклучително и стоматологијата, треба да имаат познавања од заразните болести, не само за ХИВ, туку и за другите заразни болести кои далеку полесно може да се пренесат; како на пример хепатит Б, кој има повеќе шанси за пренос при посета на стоматолог. Судот утврдува дека постојат различни правила за третман за „носители на заразни болести“, меѓутоа не наведува кои се тие различни правила. **Медицината базирана на докази е во насока дека стандардните мерки на заштита (маска, очила и ракавици) се доволни за работа со пациенти со ХИВ.**[1] Не е јасно како судот заклучил дека тужителот очекувал да се занемарат

[1] Информацијата може да се најде на официјалната веб-страна на Американското здружение на стоматолози, на следниот линк: https://www.ada.org/resources/ada-library/oral-health-topics/hiv#:~:text=Infection%20with%20human%20immunodeficiency%20virus%20%28HIV%29%20predisposes%20people,plans%20adapted%20to%20their%20unique%20medical%20condition%20%28s%29.

мерките на заштита, ниту како тужителот не покажал грижа за здравствените работници. Доколку стандардните мерки се доволни за заштита на здравствени работници, тие треба да се применуваат за сите пациенти, вклучително и за пациентите со ХИВ. Па така, во случајот, за забоболка односно здравствена услуга што може да ја даде матичен стоматолог**, нема потреба од дополнителни мерки или упатување на терцијарно ниво на здравствена заштита за пациенти со ХИВ, како што било сторено во случајот. Во спротивност, сторена е директна дискриминација.**

**Во однос на степенот на сторување на кривично дело (можен пренос на зараза), важно е да се наведат неколку клучни поенти: кривичното право не познава степен на сторување на кривичното дело, а Кривичниот законик не препознава кривично дело „можен пренос на зараза“.** Кривичниот законик го регулира делото „Пренесување на заразна болест“ (*Кривичен законик,* чл. 205), каде што е предвидено дека за пренесување на неизлечива заразна болест (читај: ХИВ) е предвидена казна од една до десет години. Обидот е исто казнив. **Меѓутоа, за да е исполнето законското битие на кривичното дело треба: да се случил пренос на ХИВ и делото да е сторено со намера. Доколку станува збор за обид, потребно е само да постои намера.** Во отсуство на намера и/или во отсуство на пренос, не може да се каже дека е сторено кривично дело. **Дополнително, треба да се докаже дека конкректното лице е она што го пренело вирусот односно да се утврди каузалитет помеѓу конкретно дејствие, подобно за пренос, и реалниот пренос на вирусот**. Во таа насока, имајќи ги предвид меѓународните стандарди за човековите права и слободи, препораката од Глобалната комисија за ХИВ и правото е дека **кривичното гонење за пренесување на ХИВ може да е легитимно исклучиво кога се исполнети следните услови: прво, да се случи пренесување на ХИВ, второ, пренесувањето на ХИВ да е сторено со намера, и трето, таквото кривично гонење да има висок праг на товар на докажување** (*Меѓународна комисија за ХИВ и правото*, стр. 24-25)**, односно да постои каузалитет во случајот.** Ниту едно од овие услови не се исполнети во конкретниот случај. Во моментов, случајот е во жалбена постапка пред Апелационен суд Скопје.

**Законодавство и политики поврзани со ХИВ**

Активностите за превенција од ХИВ за популациите под ризик, како и антиретровирусната терапија за пациенти со ХИВ, се предвидуваат со ставки во годишна Програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција. Како таква, услугите, активностите и терапијата се тесно поврзани со буџетските политики на Владата на Република Северна Македонија. Во таа насока, нетранспарентното и неоснованото буџетско планирање може да предизвика сериозни последици кон националниот одговор кон ХИВ. Од друга страна, јавната набавка на антиретровирусни лекови доаѓа со сопствени предизвици поради монополот на одредени производители, правата на индустриска сопственост врз одредени лекови и дистрибуцијата во земја којашто нема голем број на пациенти со ХИВ.

**Буџет за 2023 година**

Предлог-буџетот за 2023 година предвидуваше 90 милиони денари за Програмата за ХИВ, односно **10.000.000,00 денари помал од оној во 2022 година** (*Буџет за 2023 година*)**.** Повеќе здруженија имаа активности на застапување за зголемување на буџетот, што резултираа со амандмани за буџетот. Амандманите не го поминаа филтерот на Комисијата за финансирање и буџет. Таквото буџетирање сосема го занемарува фактот дека **во текот на годината просечно се дијагностицираат 45 нови лица со ХИВ кои имаат потреба од терапија,** но и фактот дека **околу 40 % од пациентите се лекуваат со терапија која што не е повеќе препорачана, туку**

**алтернативна,** [2] **поради ограничените средства.** Таквата ситуација **бара значително покачување на буџетот на Програмата,** не само за **обезбедување на квалитетна и препорачана терапија за пациентите,** туку и **зголемување на обемот на активности за превенција од ХИВ со цел ставање крај на епидемијата до 2030 година.**

Програмата за 2023 година беше усвоена на 1-ви февруари 2023 година, а објавена на 13-ти февруари (*Програма за 2023 година*), речиси месец и половина по усвојување на Буџетот за 2023. Иако тоа не беше случај во 2023 година, доцното усвојување и/или објавување во Службен весник на Програмата може да резултира со прекини во терапија или компликации во обезбедувањето на антиретровирусни лекови. Дополнително, доцното усвојување на Програмата предизвикува да има временски периоди во годината кога граѓанските здруженија немаат средства и следствено, не може да спроведуваат активности за превенција од ХИВ, вклучувајќи и тестирање за ХИВ. Таквите околности не се земаат предвид при буџетирањето и динамиката на работа на Владата, што го загрозува националниот одговор кон ХИВ.

**Буџет за 2024 година**

**Предлог-буџетот за 2024 година предвидуваше 90.000.000,00 денари за Програмата, исто како и во 2023 година.** По одржаните состаноци помеѓу претставници од граѓански здруженија и донесувачи на одлуки, вклучувајќи го и тогашниот Претседател на Влада и министерот за финансии, беше договорено дека **со амандмани ќе се предвидат дополнителни 10 милиони, а со ребаланс на Буџетот ќе се предвидат уште 10 милиони денари.** Поднесениот амандман го помина филтерот на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правна комисија, со што Владата го вметна во дополнителниот предлог-Буџет. По одржаната пленарна расправа**, на 27.12.2023 година, Собранието го усвои Буџетот за 2024 година,**[3] **со алоцирани 100.000.000,00 денари за Програмата за ХИВ.**

Програмата за 2024 година беше усвоена на 29-ти декември 2023 година, а објавена на 5-ти јануари 2024 година (*Програма за 2024 година*), **девет дена по усвојување на Буџетот за 2024 година**. Треба да се потенцира дека усвојувањето на Програмата за ХИВ во наредните години треба да ја следи динамиката од оваа година односно усвојувањето и објавувањето на Програмата да биде најбрзо што може по усвојувањето на Буџетот.

Она што е заеднички за двете години, но и годините наназад, е историското буџетирање на Програмата, без направена анализа за реалните потреби за превенција од и третман на ХИВ на Програмата. Истовремено, отсуствува било каква консултација со граѓанските здруженија за буџетот на Програмата, што зборува за нетраспарентноста околу процесот на буџетирање на Програмата и општо за целиот буџет на Републиката. Несериозноста на извршната власт, особено Министерството за здравство, во однос на врската помеѓу буџетот на Програмата и постигнувањето на глобалните цели во однос на ХИВ, **предизвикува државата да „тапка во место" и да продуцира нови случаи на ХИВ и брои смртни случаи, додека останатите држави зборуваат за ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година.** Поради немањето слух за ова јавно здравствено прашање, активностите за застапување за средства за Програмата се во насока на одржување на „статус кво", наместо за застапување за иновации и поголем буџет, кој ќе гарантира

---

[2] Препораките на EACS предвидува дека претпочитаните опции на терапија треба да се прва опција на избор и се пожелни за повеќето пациенти, поради нивната долгорочна ефикасност, бариерите на резистентност, толерантноста и помал број на интеракции со други лекови, а алтернативните треба да се употребуваат доколку претпочитаните опции не се остварливи.
[3] Информацијата е достапна на следната веб-страница:
https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=cd767d54-d9ad-4a3e-8cd0-d2e0aa63c316 .

контрола на епидемијата кај сите клучни популации, но и препорачана терапија за сите пациенти кои се лекуваат во рамки на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби.

i. Ребаланс на Буџет за 2024 година

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2024, односно ребалансот на Буџетот за 2024 година, беше поднесен од страна на Владата до Собранието на 16-ти јули 2024 година. Предлогот предвидуваше **кратење на буџетот на Програмата од 100 милиони денари на 14 милиони денари.** Во моментот на поднесување на предлогот, овие средства се однесуваа на **доспеани обврски: јавните набавки за антиретровирусни лекови за лекување на пациентите со ХИВ**, со врзани средства во износ од 68 милиони денари, но предвидено искористување и на преостанатите 10 милиони денари за лабораториски тестови за следење на одговорот кон терапијата, и **договорите со граѓанските организации за спроведување активности за превенција од ХИВ,** каде што со договори се врзани средства во износ од 20.080.000 денари. Постапките за јавна набавка на антиретровирусни лекови беа спроведени во март и во јули, а договорите со граѓанските организации се потпишани во февруари.

Покрај фактот што средствата беа планирани и/или искористени со јавни набавки и договори, **таквото кратење ќе предизвикаше над 400 пациенти да останат без терапија веќе од август оваа година, како и во наредната година, но и целосно ќе ја загрозеше превенцијата на ХИВ што се одвива преку 10-тина граѓанските организации ширум земјата, а се наменети за популациите кај кои е сконцентрирана епидемијата**. Платформата за ХИВ, составена од десетина организации кои работат на проблематиката, спроведе повеќе активности за застапување, со што успешно издејствува **буџетот на Програмата да биде вратен речиси во целост, односно на 99 милиони денари.**

**Иницијативи за застапување**

**Пристап до лекови**

Поголемиот дел од активностите за застапување во 2023 година и дел од 2024 година беа насочени кон буџетот на Програмата за ХИВ за двете години, но и спроведувањето на јавната набавка. Начинот на буџетирање на Министерството за здравство, како и искуството од претходните неколку години, покажува дека Министерството за здравство нема човечки капацитети за да може да издејствува зголемување на својот буџет, базирано на методологија и реални потреби, како и да го оправда својот побаран буџет пред Владата како колективно тело. Таквиот недостаток на капацитети предизвикува директни последици врз сите пациенти, вклучувајќи ги и пациентите со ХИВ.

Во 2024 година, огласот за јавна набавка на антиретровирусни лекови беше објавен на 28.3.2024 година,[4] односно **83 дена по објавувањето на Програмата.** И покрај тоа Здружението Заедно посилни во неколку наврати потенцираше дека станува збор за исклучително комплексна јавна набавка и е потребно објавувањето на огласот да биде најбрзо што може по објавувањето на Програмата со цел да се има време да се реагира доколку се појават проблеми, **Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби немаше разбирање за таквите предупредувања.** Следствено, јавната набавка дојде со свои предизвици кои предизвикаа недостаток на залихи за неколку лекови, а и постоеше опасност за прекин на терапија за одреден број на пациенти на други лекови. **Пациентите беа приморани да земаат терапија за неколку дена, наместо за неколку**

[4] Информациите за повикот за јавна набавка може да се најдат на следната веб-страница: e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie/71dd0749-7823-4ae1-8c95-4c4a9fec36c3/1 .

**месеци, а за останатите постоеше и опасност дека ќе настане прекин во терапијата.** Таквите компликации може да се менацираат доколку Програмата е усвоена најдоцна на почеток на јануари, а јавната набавката е започната најдоцна до почетокот на февруари. За настанатиот проблем, немаше никаква проактивна улога на Клиниката за решавање на проблемот. Здружението се обрати директно до производителите со цел да добие објаснување за енормното зголемување на цените на лековите, на што доби одговор дека станува збор за човечка грешка. По спроведената јавна набавка, Здружението застапуваше кај производителот и дистрибутерот на лековите за побрза дистрибуција на лековите до земјата, со цел да се избегне прекин на терапијата кај одредени пациенти.

Поради таквите предизвици кај јавните набавки за антиретровирусни лекови, за време на извештајниот период, Здружението Заедно посилни застапуваше во Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби за усвојување на Упатство за планирање и спроведување на јавните набавки на антиретровирусни лекови. **И покрај техничката поддршка од Здружението и вклученоста на раководството на Клиниката, подготвеното Упатство сеуште не е усвоено од страна на Клиниката.**

Од друга страна, Здружението Заедно посилни даде техничка поддршка на Клиниката за да се ажурира Упатството за медицинско згрижување на ХИВ, за да лекувањето на пациентите со ХИВ биде во согласност со препораките на Светската здравствена организација и Европското клиничко здружение за СИДА. **Подготвеното Упатство е поднесено до Министерството за здравство, меѓутоа, истото сеуште не е усвоено.**

Истовремено, Здружението Заедно посилни даде техничка поддршка за изработка на Национална стратегија за ХИВ за 2024-2030 година. **Важно е да се напомене дека претходната Национална стратегија за ХИВ за 2017-2021 не беше усвоена.** Процесот ги вклучи сите релевантни чинители, како Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Клиниката за инфективни болести, меѓународните организации и граѓанските здруженија. **Подготвената Стратегија сеуште не е усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија.**

**Заштита на медицински податоци**

Низ годините, Здружението Заедно посилни регистрираше неколку случаи на дискриминација односно обелоденување на ХИВ-статус на пациенти пред трети страни или одбивање на здравствени услуги, откако здравствениот работник дознал за ХИВ-статусот на пациентите од електронското медицинско досие. Важечката законска рамка, без оглед на праксата на Управата за електронско здравство, дозволува пристап на сите здравствени работници до медицинските податоци на пациентите. Имајќи предвид дека одредени дијагнози или услуги се врзани со стигма и предрасуди; како на пример ХИВ, извршен абортус, хепатит Б, корисник на супституциска терапија, шизофренија итн, Здружението посвети одредени свои активности, во консултација со Управата за електронско здравство, за застапување за балансиран пристап до медицинските податоци од страна на здравствени работници. **Таквиот балансиран пристап, базиран на принципите на пропорционалност и легитимна цел, бара измени на подзаконски акти на Министерството за здравство и со тоа, хармонизација со европските стандарди кои произлегуваат од Регулативата на Европската унија за заштита на личните податоци и Европската конвенција за заштита на човековите права.**

**Библиографија**

1. Коалиција МАРГИНИ, *СЕКСУАЛНИ и здравствени права на маргинализираните заедници: годишен извештај 2017*, 2018.

2. Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/19 и 122/21).
3. Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23,236/23, 263/23, 30/24 и 74/24).
4. Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06,7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14,115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/23 и 188/23).
5. Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/2023).
6. Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020).
7. Меѓународна организација на трудот, *Препораката во врска со ХИВ и СИДА и светот на трудот (бр.200)*, 2010.
8. European Court of Human Rights, *I.B. v Greece*, Application no. 552/10, 2014.
9. United Nations, Global Commission on HIV and the Law, *HIV and the Law: Risks, Rights & Health,* July 2012.
10. Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/2022).
11. Програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2023).
12. Програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 4/2024).

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА ЛГБТИК ЗА 2023 ГОДИНА**

**Грација Атанасовска**
Проектна координаторка
Коалиција МАРГИНИ

## 1. Документирање на прекршувањето на правата на ЛГБТИК

Во 2023 година, Северна Македонија, документирани се 43 случаи на прекршувања на права на ЛГБТИК луѓето. Случаите ги документираат правните советнички од Коалиција МАРГИНИ; истите можат да се документираат и преку онлајн-платформата за документирање на случаи на МАРГИНИ, од разни актери: Хелсиншкиот комитет за човекови права и ЛГБТИ Центарот за поддршка, правниците на Скопскиот Квир Центар, трети лица кои работат со ЛГБТИК луѓе, како и од страна на самите жртви.

Најголем број од настаните во 2023 година се случиле во Скопје - вкупно 20 случаи, додека останатите 9 случаи се регистрирани во онлајн просторот, односно на социјалните мрежи Фејсбук, Инстаграм и Тик Ток. Медиумите и нивните социјални страници бројат 6 случаи, а останатите градови во Северна Македонија, како Струмица и Битола, бројат со 7 и 1 случај. Во 2023 година се забележува помал број на регистрирани случаи на говор на омраза врз ЛГБТИ луѓето - како што е забележано погоре се работи за 11 случаи, за разлика од минатата година која броеше 18 случаи.

| **Локација** | **Број на случаи** |
|---|---|
| Скопје | 20 |
| Струмица | 7 |
| Битола | 1 |
| Онлајн | 9 |
| Тв и интернет медиуми | 6 |
| **Вкупно случаи** | **43** |

*Табела 1. Документирани случаи според локација на случување*

| **Место** | **Сторител** | **Род на жртвите** | | | | **Тип на повреда** | | | | | | **Вкупно жртви** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **мажи** | **жени** | **транс** | **N/A** | **Дискриминација** | **Вознемирување** | **Говор на омраза** | **Насилство од омраза** | **Родово-засновано и семејно насилство** | **Прекршување на правата во полициска постапка** | |
| Управа за водење на матична евиденција | службеници | | | 5. 25. 31. | | 5. 25. 31. | | | | | | **3** |
| Дом на жртвата | родители/сопружници | | 20. | 42. 43. 30. | | | 43. 30. | | | 20. 42. | | **4** |
| Јавен простор | физички лица | 7. 8. 9. 10. 11. 12. 13. 14. 15. 17. 18. 29. | | 1. 2. 6. 40. 41. | 16. 27. 38. 39. | | 6. 9. 12. 15. 16. 17. | 1. 7. 8. 10. 11. 13. 14. 18. 27. 29. 38. 41. | 40. | | 2. | **21** |
| Онлајн | физички лица | 32. | 3. 21. | 24. | 26. 28. 33. 34. 37. | | 21. 24. | 3. 26. 28. 32. 33. 34. 37. | | | | **9** |
| Медиуми | медиуми/социјални страници | | | 4. | 19. 35. 36. 44. 45. | | | 4. 19. 35. 36. 39. 44. 45. | | | | **6** |
| **Вкупно жртви** | | **13** | **3** | **13** | **14** | **3** | **10** | **26** | **1** | **2** | **2** | **43** |

*Табела 2. Документирани случаи според местото на случување и сторител на делото*

## Дискриминација

Во 2023 година документирани се три случаи на дискриминација кон две трансродови личности од ЛГБТИ заедницата. Дискриминацијата е направена од страна на Управата за водење на матична евиденција, во Скопје и во Струмица.

Случаите во Скопје се однесуваат на една иста личност, која барала промена на ознаката за пол во своите лични документи и која набрзо потоа се соочила со системска дискриминација и административни пречки поради својот родов идентитет. Во јули 2023 година, личноста добила правосилно решение за промена на ознаката пол и промена на матичниот број во личните документи, но кога стигнала во Управата, сфатила дека променета е само ознаката за пол, по што ѝ било посочено да се врати неколку дена подоцна. Кога се вратила по неколку дена, била препраќана од шалтер на шалтер, каде што ја гледале и се однесувале недостоинствено кон неа, по што таа заминала.

Истата личност, два месеци подоцна побарала изводот од матичната книга да ѝ биде доставен по пошта, на домашна адреса, сè со цел да ги избегне непријатните и вознемирувачки средби со службениците од Управата. Сепак, таа повторно се соочила со административни пречки за земање на изводот, по што ѝ биле давани контрадикторни и непотполни информации за тоа кога и како би стигнал изводот по пошта. Личноста поднела претставка против Управата до Народниот правобранител. Министерството за правда пратило допис дека нема никакво кочење или дискриминација и дека сите граѓани си ги земаат изводите во дадениот рок, што евидентно не било случајот. Од канцеларијата на Народниот правобранител ја контактирале личноста да оди кај нив на консултација. Таму, една од службеничките наоѓа личен, приватен контакт во Управата за матична евиденција и ја препраќа личноста на неа, за таа да може да го најде изводот. Личноста тоа го прави, бидејќи е веќе неколку месеци без здравствена заштита поради доцнењето на изводот, и конечно го добива истиот. По неколку дена, Народниот правобранител праќа допис дека процедурата е завршена, изводот е издаден и дека нема никакво прекршување на права или дискриминација. Народниот правобранител, наместо да осигура дека Управата за матична евиденција ги исполнува своите законски обврски, прибегнува кон неформални канали (лични контакти на службеници). Ова укажува на недостаток од институционална ефикасност и создава впечаток дека граѓаните мора да бараат помош преку лични врски, наместо преку воспоставени системи. Дописот од Народниот правобранител дека нема дискриминација или прекршување на права е во спротивност со реалноста на случајот, што создава недоверба во институциите. Одложувањето на издавањето на изводот има директно негативно влијание врз правата на личноста, како што е пристапот до здравствена заштита. Ова е сериозен показател за тоа како административните проблеми можат да предизвикаат поголеми последици врз основните права.

Третиот случај се однесува на транс маж од Струмица кој шест месечи чекал издавање на нов матичен број со нов извод од Матичната книга. Наместо да добие нов ЕМБГ за три работни дена, тој чекал шест месеци. Во меѓувреме, му биле поништени и пасошот и личната карта, по што тој останал без никаква лична идентификација, со што му се оневозможило користењето на здравствените услуги. Ова е класичен случај на дискриминација врз основа на родов идентитет, каде што личноста се соочува со апсурдни административни пречки кои немаат никаква основа, што резултира со ускратување на други човекови права.

Овие случаи се пример за институционална дискриминација со која се соочуваат трансродовите лица во Северна Македонија. Истата ги спречува да бараат промена на матичен број во личните податоци. Од овие случаи повторно се доаѓа до заклучок дека е итно потребен Закон за правно признавање на родот кој значително би им ја олеснил бирократската транзиција на трансродовите лица. Исто така, потребна е и подобра едукација и сензибилизација на службениците во јавната администрација кога се среќаваат и влегуваат во интеракција со маргинализираните заедници.

**Вознемирување**

Во периодот на документирање биле регистрирани девет случаи на вознемирување кон ЛГБТИ лица. Седум од тие случаи се имаат случено во живо (еден во Струмица, останатите во Скопје), а два онлајн, од профили на физички лица. Според случаите, можеме да заклучиме дека во 2023 геј-мажите најмногу се афектирани од вознемирување, особено на јавен простор.

Повеќе случаи се поврзани со геј-маж кој поради сексуалната ориентација, на своето работно место, и додека се движел по улица, доживувал навреди и вознемирување упатени кон него и кон пошироката ЛГБТИ заедница. Еден од настаните на вознемирување кон оваа личност се случува на еден од скопските пазари. Двајца млади луѓе почнуваат да го следат и да го гледаат заканувачки, за во еден миг да му кажат дека не смее повеќе да се појавува на овој пазар и дека ќе го најдат.

Настан на вознемирување се случува на истата личност, овој пат на неговото работно место (квир социјален простор). Имено, младиот маж се почувствувал небезбедно на своето работно место бидејќи средовечен маж од надвор неколку пати се обидел да влезе внатре, прашувајќи што тој и што ЛГБТИ луѓето прават внатре. Во еден миг човекот успева да влезе, но брзо потоа бил избркан од младиот маж, извикувајќи говор на омраза кон пошироката ЛГБТИ заедница.

Уште една ситуација на вознемирување на работното место се случува на истата личност, кога се појавуваат, прво две момчиња кои почнале да ги снимаат него и неговиот колега, а потоа и цела група малолетници (момчиња и девојчиња) кои набљудувале од страна.

Четврта ситуација со истата личност, на пат кон дома бил вознемируван од петмина помлади момчиња кои, поради неговата (претпоставен) сексуална ориентација, го гаѓале со кутија цигари додека возел велосипед.

Еден од случаите на вознемирување на интернет се случува на Инстаграм, каде што на едно трансродово девојче, физичко лице со прикриен идентитет од својот профил ѝ се заканува со аутирање. Другиот случај се однесува на вознемирување на жена од страна на поранешниот сопруг на нејзината партнерка, каде што тој, сметајќи дека таа е виновна за нивниот развод, праќа пораки по Фејсбук мрежата дека истата е „наркоманка" (поради претходна историја со употреба на droги), со што ѝ го загрозува личниот и професионалниот интегритет на жртвата како и позицијата на работното место.

**Говор на омраза**

Во 2023 година документирани се вкупно 26 случаи на говор на омраза. Истите се случиле на јавен простор и онлајн, од профили на физички лица, а исто така се случувале и на медиуми и социјални мрежи на медиумите. Најголем дел од говорот на омраза е упатен кон геј-мажи, но и кон пошироката ЛГБТИ заедница, како и голем дел кон трансродовата заедница, и помал дел кон лезбејките.

**Говор на омраза на медиуми и социјални мрежи на медиуми**

Забележани се 6 случаи на говор на омраза на различни медиуми и социјални мрежи на тие медиуми. Анализата на документираните случаи покажува загрижувачко присуство на несанкциониран говор на омраза. Овие наоди ја истакнуваат итноста од зајакнување на законската рамка, воведување поефикасни механизми за справување со говорот на омраза и зголемување на одговорноста на медиумите во известувањето за теми поврзани со ЛГБТИ заедницата.

Еден случај се однесува на емисијата „За или против" на телевизијата Алфа, каде што, и покрај името и наводната цел на емисијата за земање предвид на две страни по одредено прашање, двајцата присутни гости, од кои едниот е религиско лице, а другиот е член на десничарската, конзервативна партија Родина, заедно со водителот зборувале против Законот за родова еднаквост и Законот за матична евиденција. Истите ширеле дезинформации и говор на омраза врз база на родов идентитет и сексуална ориентација. Како реакција кон емисијата, поднесена е претставка до КСЗД и до АВМУ (Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Во август 2024 година утврдено е вознемирување и повикување и поттикнување дискриминација врз основа на сексуална ориентација од страна на КСЗД. Како извршители на вознемирувањето и дискриминацијата наведени се Алфа телевизија, главниот уредник на телевизијата, водителот и уредникот на емисијата, како и двајцата повикани гости.

Втор случај поврзан со медиуми и религиски лица е едно излагање на Владиката Петар по повод празникот Велигден и негово дообјаснување во емисијата „Топ тема" на Телма телевизија. Во своето излагање тој ширел антифеминистички и анти-ЛГБТИ ставови и говор на омраза, велејќи дека „идеологијата" на родовата еднаквост е „манипулативна", „противприродна", „богохулна" и „изопачена", и дека феминизмот, кој придонел за еманципацијата на жената, често резултира со разведени и самохрани мајки. Исто така, тој барањето на повеќе права и еднаквост го поистоветува со нихилизам. На емисијата „Топ тема" тој тврдел дека сепак родовата еднаквост не е таа што е „богохулна" и „изопачена", но дека тоа се „трансродовите лица".

Трет случај е прилог на Алфа ТВ емитуван во февруари 2023 каде што се шират невистини дека претстоечката Парада на гордоста добила пари за одржување од Министерството за култура. Во прилогот селективно и неточно се известува за Парадата на гордоста со цел да се искористи веќе постоечката омраза и анимозитет кон ЛГБТИ заедницата во Северна Македонија и да се оцрни Министерството за култура, тогаш водено од членка на партијата СДСМ, од медиум кој важи како пристрасен кон ВМРО-ДПМНЕ.

Четврт случај на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет е забележан во соопштението на десничарската партија ИНТЕГРА, пренесено од неколку онлајн медиуми. Во соопштението ЛГБТИ заедницата се карактеризира како „неприродна", „извитоперена" и како „зло" кое мора да се „сосече во корен".

**Говор на омраза онлајн од страна на физички лица**

Од страна на физички лица во онлајн просторот, документирано имаме 7 случаи на говор на омраза.

Еден од случаите е случај на злоупотреба на социјалната мрежа Тик Ток за вознемирување и исмејување на лице поради неговата сексуална ориентација. Конкретно, група познаници на жртвата, отворен млад геј маж, објавиле видео на платформата со кое ја исмејувале и навредувале жртвата. Сторителите ја снимале жртвата додека се движела низ градот, додавајќи исмејувачки коментари и навредливи пораки за неговата сексуална ориентација. Дополнително, жртвата ги познава сторителите и дознала дека тие имале намера да продолжат со ваквото однесување, што предизвикало значителна вознемиреност и страв за неговата безбедност.

Овој случај ја нагласува растечката загриженост за злоупотребата на социјалните медиуми како платформи за ширење говор на омраза и таргетирано вознемирување на припадниците на ЛГБТИ заедницата. Како и во случаите на онлајн родово базирано насилство, евидентна е потребата од

построга регулатива, засилени механизми за заштита на жртвите и ефективно санкционирање на ваквите дејствија, како и подигнување на свеста за последиците од дигиталниот говор на омраза.

Случај на говор на омраза е извршен и од страна на директор на основно училиште во Прилеп, кој на својот личен профил на социјалните мрежи ширел дискриминаторски и навредливи изјави насочени кон ЛГБТИ заедницата. Конкретно, директорот ја коментирал фотографија од училишна вежба поврзана со хомосексуални бракови, при што изнел став дека „рецепт за среќно семејство" е семејство составено од мајка, татко и деца, односно маж и жена. Дополнително, ги квалификувал ЛГБТИ лицата како „психо-развратни, неуротични и обратни" и изразил став дека вакви теми не треба да бидат дел од наставните содржини во училиштата. Овој случај е пријавен до Државниот просветен инспекторат, со оглед на тоа што претставува јасно прекршување на принципите за недискриминација и толеранција во образовниот систем.

Трет пример на говор на омраза од овој тип се случува на почетокот на месец јуни, во периодот на непосредните подготовки за Парадата на гордоста. На социјалната мрежа Фејсбук, бил објавен пост од физичко лице во кој Парадата на гордоста била наречена „Парада на срамот." Во постот се наведува дека ваквите настани застапуваат „западни вредности" кои се наводно спротивни на „божјите вредности," и дека единствено „мајка и татко" претставуваат вистински семејни вредности. Дополнително, постот го споделил на својот Фејсбук профил и заменик-министерот за култура, Даим Лучи, кој додал коментар дека „само правилниот избор на страната на господ е спас за општеството." Овој случај ја илустрира загрижувачката практика на јавни личности и претставници на институции да користат своите платформи за поттикнување дискриминација и омраза, наместо за промоција на инклузија и почитување на човековите права.

**Говор на омраза на јавен простор**

На јавен простор документирани се 12 случаи на говор на омраза.

Во текот на прошетка низ Струмица, на неколку јавни места и локации биле забележани налепници со бела позадина, на кои било прикажано виножито-знамето на ЛГБТИ заедницата, прекриено со црн круг што претставува знак за забрана. Вакви јавни гестови на омраза и непријателство кон ЛГБТИ луѓето создаваат чувство на небезбедност и страв од напад на јавен простор, што исто така се покажало и во чувствата на анксиозност кои се појавиле кај трансродовото лице кое ги забележало и документирало овие налепници.

На трибина што се одржа во Струмица на 19 март 2023 година, еден од гостите говорници, Отец Јаков, јавно ширел говор на омраза насочен кон трансродовите лица, со посебен акцент на трансродовите жени. Во своето обраќање, тој ги нарекол трансродовите лица „болни" и „сатанисти", повикувајќи ги институциите, особено психијатриските клиники, да започнат „нивно лекување". Овие изјави содржат дезинформации и манипулации кои директно ги стигматизираат и деградираат трансродовите лица, претставувајќи ги како општествена опасност која бара медицинска интервенција. Јавните личности и говорници, особено религиски фигури, имаат големо влијание врз пошироката популација, што го прави користењето на сопствениот авторитет за промовирање на дискриминација на маргинализирани групи дотолку попроблематично.

Еден случај на дискриминација и говор на омраза е документиран со учество на таксист од компанијата „Пулсар". Млад геј-маж после работа нарачало такси од оваа компанија. За време на возењето, таксистот го прашал патникот каде работи, на што добил одговор дека работи во еден социјален простор познат по тоа што е популарен кај ЛГБТИ заедницата во Скопје. По кратка тишина, таксистот коментирал со двосмислена изјава: „Значи во она за онаквине..." Кога патникот

побарал појаснување, таксистот не одговорил веднаш, но пред да пристигнат во населбата каде што живее младиот маж, таксистот почнал да го зборува следното: „Да бев на власт, имаше да ве соберам сите таквите и директ на плоштад на стрелање." Ова предизвикало шок и вознемиреност кај патникот, кој побарал од таксистот да застане. Возачот го игнорирал барањето и продолжил да вози. Во паника и поради чувството на несигурност, патникот повишил тон и физички го предупредил таксистот, повлекувајќи го за косата на задниот дел од главата, за да го натера да застане. По ова, возачот застанал, а патникот се симнал од возилото и продолжил пеш. Овој инцидент укажува на сериозни проблеми со говорот на омраза и несоодветното однесување на лица кои треба да извршуваат јавни услуги. Воедно, случајот служи и за илустрација  колку небезбедно може да се чувствува кое било ЛГБТИ лице кога користи секојдневни јавни услуги.

**Насилство од омраза**

Во текот на 2023 година документиран е 1 случај на насилство од омраза кон трансродово лице. Се работи за трансродова жена која без причина била физички нападната во пределот на главата од познаник од местото каде што живее, со изговор дека му го попречувала патот. Кога жртвата почнала вербално да го напаѓа бранејќи се и му се заканила со пријава во полиција, насилникот ѝ упатил закани по живот ако го направи тоа. Жртвата се исплашила, побегнала дома и не го пријавила случајот во полиција. Физичкиот напад резултирал со болки во главата кои траеле неколку дена како и генерална анксиозност од повторен напад.

Овој случај на насилство од омраза против трансродова жена ја истакнува сериозната ранливост на трансродовите лица во земјата и е показател за постојаното присуство на трансфобија во општеството, која често се манифестира преку говор на омраза, како и вербално и физичко насилство. Овој случај ја нагласува потребата од зголемена заштита за трансродовите лица, бидејќи тие се изложени на ризик дури и во нивните локални заедници. Понатаму, непријавувањето на случајот од страв од одмазда е показател за недостатокот на доверба во институциите, особено полицијата, во обезбедувањето на безбедност и правда за трансродовите лица. Заканите по живот дополнително ја комплицираат ситуацијата, што го нагласува чувството на небезбедност и изолација кај жртвата.

Овој случај покажува дека физичките и психолошките последици од насилството се долготрајни. Болките и анксиозноста кај жртвата укажуваат на сериозни трауми кои остануваат непроцесирани поради недостаток на пристап до поддршка, како што се психолошки услуги или советување.

Случајот ја потенцира итната потреба за спроведување на мерки за заштита од насилство од омраза, зајакнување на довербата во институциите и подигнување на јавната свест за почитување на човековите права на трансродовите лица.

**Родово засновано насилство и семејно насилство**

Во 2023 година документирани се 2 случаи на родово засновано и семејно насилство. Едниот случај засега жена која има врска со друга жена, а другиот случај се однесува на трансродово лице.

Во првиот случај, засегнатата жена долги години била изложена на психичко насилство во бракот, поради што решила да поднесе барање за развод. Во текот на бракоразводната постапка започнала врска со жена. Откако сопругот се посомневал дека е во врска со жена, почнал дополнително психички да ја малтретира, користејќи ја нејзината сексуална ориентација како средство за уцена. Испраќал пораки до нејзините блиски роднини во кои ја разоткривал како лезбејка, нагласувајќи дека ќе ги посрамоти. Дополнително, сопругот барал од Центарот за социјална работа да ги

забранат средбите на нивните деца со партнерка на неговата сопруга, иако децата ја познавале само како пријателка на нивната мајка.

Сопругот испраќал и мејлови до работодавачот на сопругата, со цел да ја дискредитира и да издејствува нејзино отпуштање. Во моментот на пријавување на случајот, жената била во процес на размислување дали да го пријави истиот и да побара правна заштита.

Вториот случај се однесува на трансродова сексуална работничка која била жртва на семејно насилство од страна на својот партнер, кое се состоело од психичко малтретирање, закани по живот и физичко насилство, што резултирало со повреди на лицето, односно раскрвавен нос и уста. Како резултат од траумата од нападот, личноста имала неколку обиди за самоубиство и периоди на емотивна нестабилност и психичко растројство.

Ниту двата случаи не се пријавени во соодветни институции. Првиот случај укажува на сериозни системски проблеми со кои се соочуваат ЛГБТИ луѓето во Македонија, особено жените кои се жртви на семејно насилство и дискриминација поради сексуалната ориентација. Тој го рефлектира недостатокот на соодветни механизми за заштита од дискриминација и насилство. И покрај тоа што правната рамка постои, нејзината имплементација е слаба, што создава атмосфера на страв и несигурност кај ЛГБТИ жртвите, што се гледа и во овој случај во колебливоста на жената да го пријави случајот во соодветни институции.

Овој случај многу јасно илустрира како предрасудите и стереотипите против ЛГБТИ луѓето се користат како алатка за нивно дополнително малтретирање и деградација, особено во семејниот контекст. Постапките на сопругот откриваат злоупотреба на приватни информации и „outing" како форма на насилство, со цел да се нанесат професионална и лична штета. Ова укажува на потребата од поддршка за жртвите на вакви дела, како и на јакнење на механизмите за заштита од говор на омраза и уцена.

Вториот случај исто така открива длабоки структурни и општествени недостатоци во заштитата на правата на ЛГБТИ луѓето, особено трансродовите лица, во Македонија. Тој ја нагласува ранливоста на трансродовите лица, кои честопати се соочуваат со повеќекратна дискриминација и насилство, не само поради нивниот родов идентитет, туку и поради нивниот социоекономски статус. Насилството врз трансродови лица, особено оние кои се сексуални работници, останува сериозен проблем кој ретко добива институционална или општествена реакција.

Овој случај исто така открива недостаток на соодветна поддршка за жртвите на семејно и родово базирано насилство, особено ако припаѓаат на ЛГБТИ заедницата, а дополнително ако се трансродови лица, кои се најподложни на насилство во домот, од страна на семејството и партнерите. Иако насилството резултирало со сериозни физички и психолошки последици, како што се трауми и обиди за самоубиство, системот за заштита, вклучително и здравствената и социјалната заштита нема позитивна историја на овозможување соодветни ресурси за трансродовите лица, што се гледа во недовербата и на ова трансродово лице воопшто некаде да го пријави случајот.

Овој случај ја потенцира потребата за сензибилизација на јавноста и институциите во врска со предизвиците на трансродовите луѓе, особено во контекст на насилство. Личноста не само што е жртва на партнерско насилство, туку припаѓа и на уште една маргинализирана група, на сексуалните работнички, која е предмет на општествена маргинализација, со што дополнително се усложнува можноста за добивање поддршка.

Овие случаи јасно ја нагласува итната потреба од системски промени, кои вклучуваат правна, здравствена и социјална поддршка, како и поголема општествена солидарност за лезбејките, трансродовите лица и сексуалните работнички во Северна Македонија.

**Поважни настани**

Во 2023 година, според извештајот на ИЛГА-Европа, Северна Македониија забележа пад на виножитната мапа, спуштајќи се од 31-во на 32-ро место, што укажува на стагнација во унапредувањето на правата на ЛГБТИ заедницата во земјата.

Од друга страна, позитивен пример за правно препознавање и санкционирање на дискриминација кон ЛГБТИ луѓе, се случи во јуни 2023 година, кога Основниот суд во Битола донесе прва осудителна пресуда за дискриминација кон ЛГБТИ+ заедницата. Судот утврди дека тужената извршила повеќекратна и продолжена дискриминација преку објави на социјалната мрежа Фејсбук, со што го повредила правото на еднакво постапување кон ЛГБТИ+ заедницата.

Од поважните позитивни настани за видливост на ЛГБТИ заедницата во Северна Македонија би ги издвоиле Парадата на гордоста и Викендот на гордоста кои се случија во јуни 2023 година.

Во јуни 2023 година, во Скопје се одржа Парадата на гордоста, под мотото „Гласни и горди!", која собра значителен број учесници и поддржувачи. Овој настан ја истакна важноста на видливоста и прифаќањето на ЛГБТИ заедницата во општеството и помина без инциденти. Присуството на медиуми, како и на претставници од различни организации и институции, придонесе за поголема видливост на настанот и поширока поддршка.

Програмата за Викендот на гордоста беше богата со различни културни, едукативни и забавни активности. Организирани беа јавни дискусии, перформанси и уметнички изложби насочени кон зголемување на свеста за проблемите со кои се соочува ЛГБТИ заедницата.

Овие настани и извештаи укажуваат на тоа дека, и покрај одредени позитивни чекори, ЛГБТИ заедницата во Северна Македонија сè уште се соочува со значителни предизвици во однос на правата, безбедноста и општествената прифаќање.

**Препораки за унапредување на состојбата и правата на ЛГБТИ луѓето во Северна Македонија**

За подобрување на состојбата и правата на ЛГБТИ луѓето во Македонија, потребни се структурни, правни и социјални промени:

- **Ефикасно спроведување на постојното антидискриминациско законодавство:** Осигурување дека сите случаи на дискриминација се процесуираат навремено.
- **Правна заштита од говор на омраза и злосторства од омраза:** Строго санкционирање на ваквите дела, особено кога се насочени кон ЛГБТИ заедницата.
- **Сензибилизација на институциите:** Обука на судии, полиција, здравствени и социјални работници за правата и потребите на ЛГБТИ луѓето.
- **Финансиска поддршка за ЛГБТИ организациите:** Поттикнување на нивната работа преку државни и меѓународни фондови.
- **Воведување на сеопфатно сексуално образование:** Едукација во училиштата која ги опфаќа темите за различноста, сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

- **Јавни кампањи:** Борба против стереотипите и предрасудите преку медиумите и културни активности.
- **Ментална поддршка:** Бесплатни советувања за лица кои се соочуваат со дискриминација и насилство.
- **Сојузништво:** Вклучување на сојузници од различни области за заедничка борба против дискриминацијата.

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА ЛУЃЕТО КОИ УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ

**Влатко Деков**
Проектен координатор
Здружение ХОПС-Опции за здрв живот Скопје

Луѓето кои употребуваат дроги (ЛКУД) се најнепосакувана општествена група во Република Северна Македонија. Ова го потврдува и последното истражување за толеранцијата и вредностите на граѓаните спроведено од Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка (МЦМС)[5] од 2021 година. Согласно ова истражување во Македонија има голема нетолеранција кон пет категории луѓе од кои најмногу кон зависници од дроги (91%). Употребата на дроги е силен извор на предрасуди поради кои луѓето кои употребуваат дроги се дискриминирани не само врз основа на нивниот здравствен статус и состојба на зависност, туку и поради тоа што овие луѓе ги обединува специфична положба во општеството поради која се предмет на предрасуди и отфрленост во заедницата. Истражувањата несомнено потврдуваат дека луѓето зависни од дроги имаат специфична положба во општеството што им го ограничува еднаквиот пристап до расположливите ресурси и уживање на сопствените права.

Во периодот на овој извештај јануари 2023 јуни 2024 година беа документирани 27 случаи на прекршување на правата на луѓето што употребуваат дроги . Иако претпоставениот број на жени кои употребуваат дроги во Република Северна Македонија е далеку помал од мажите, за првпат може да констатираме дека бројот на случаи каде жртвите се жени кои употребуваат дроги е поголем од случаевите каде жртвите се мажи кои употребуваат дроги. Во 14 документирани случаи жртвите се жени, а во 13 случаи се мажи. Ова укажува дека жените вклучително и жените кои употребуваат дроги во Република Северна Македонија се многу повеќе жртви на прекршувања на правата.

Мотивацијата кај ЛКУД за поднесување на преставки до надлежен орган останува многу ниска. Биле напишани 2 преставки до надлежни органи од страна на 2 лица но во последен момент тие се откажале од нивно поднесување.

Перцепцијата дека институциите нема да им помогнат и недовербата во нив се клучните причини за непријавување на случаите.

*Табела 1. Документирани случаи на прекршување на правата на ЛКУД според видот на повредата*

---

[5] Димова Наташа, Тоелранција и вредности на граѓаните,МЦМС, 2021

| Вид и повреда на правата | Карактеристики на ЛКУД | | | Вкупно ЛКУД |
|---|---|---|---|---|
| | **Маж** | **жена** | **Групно** | |
| **1.Прекршувања во областа на здравствените права** | | | | |
| 1.1 Дискриминација во областа на здравството | 2 | 1 | | |
| 1.2 Прекршување на право на лекување од зависност | | | | |
| 1.3 Повреда на права на пациенти | 1 | 1 | | |
| **2.Дискриминација во областа на социјална заштита** | | 1 | | |
| **3.Дискриминација во областа на работните односи** | | | | |
| **4.Тортура и деградирачко однесување** | 1 | | | |
| **5.Малтретирање во вршење на служба** | | | | |
| **6.Семејно насилство** | | 1 | | |
| **7.Родово-базирано насилство** | 1 | 2 | | |
| **8.Управно право – ограничено движење** | | | | |
| **9.Прекршување на права во полициска постапка** | 7 | 5 | | |
| **10. Насилство од омраза** | 1 | | | |
| **Други повреди на права од државни институции** | | 1 | | |
| **Дискриминација/вознемирување** | | 2 | | |
| Број на случаеви со дикриминација | 2 | 4 | 0 | 6 |
| **Вкупно** | **13** | **14** | **0** | **27** |

За разлика од претходните години кога најмногу прекршувања беа документирани во областа на здравствените права , потоа семејно насилство и тортура и деградирачко однесување, во овој период на известување најмногу прекршувања се документирани во полициската постапка, дури 12 случаи.

Во шест случаи е документирано санкционирање за лична употреба на droги (канабис и амфетамини) и покрај измените на Кривичен законик со кои се предвиде дека личната употреба не е кривично дело. Во два случаи полициското постапување било мотивирано од предрасуди поврзани со расата, социјалниот статус и родовиот идентитет. Во случајот каде жртва е ром кој употребува дроги се работи за тортура, нехумано и деградирачко постапување од страна на полицијата која извршила расно мотивирано насилство од омраза. Жртвата се здобила со тешки телесни повреди, добила медицинска помош и го пријавила делото. Кај правната советничка од ХОПС пријавила дека се соочува со притисок од страна на полицијата за да ја смени изјавата пред обвинителство.

Во друг случај жртвата е застаната од полиција и поради тоа што знаат дека е лице кое употребува дроги, почнале да го претресуваат така што целосно го соблекле на улица.

Сексуална работничка што употребува дроги била жртва на насилство од страна на интимниот партнер. Додека насилството траело успеала да се јави на полиција, од каде одбиле да и пружат помош и кажале „не се лигави, зборувај убаво".

Во друг случај корисничка на психоактивни супстанци пријавила во полициска станица физичко насилство од нејзиниот партнер при што полицијата дошла после 4 часа со објаснување дека имале премногу работа. После неколку дена жртвата отишла во полициската станица да побара потврда дека пријавила насилство , на што добила одговор дека таков случај не е регистриран.

Од документираните случаи се бележи зголемено насилство и дискриминаторско постапување на полицијата кон луѓето кои употребуваат дроги. Исто така после промените на кривичниот закон од февруари 2023 година со кои се предвиде дека поседувањето на дроги за личната употреба не е кривично дело се бележи зголемување на полициските акции и регистрирање на случаи на непочитување на овие законски измени од страна на полицијата.

**Прекршувања на здравствените права**

Во 2023 година и првата половина од 2024 година се регистрирани зголемен број на случаи на повреда на здравствените права на луѓето кои употребуваат дроги. Најчесто станува збор за дискриминација заради здравствена состојба – зависност од дроги. Во едниот случај не е дадена здравствена интервенција заради тоа што лицето било препознаено од докторот дека е зависник од дроги. Во вториот случај клиентката пријавила дискриминација поради употреба на дроги од страна на социјалната работничка вработена на Клиниката за гинекологија, односно пријавила дека социјалната работничка кога дошла после породувањето да ја посети во собата заедно со докторка, само што ја видела (ја познавала од претходната бременост) почнала да ја навредува пред сите присутни во собата затоа што употребува дроги и дека детето е родено пред време токму поради тоа, дека таа нема да се грижи за детето соодветно и дека треба да и се одземе детето. Исто така, следниот ден го контактирала и сопругот на жртвата, за да го праша дали тој знае дека таа употребува дроги и дека најдобро е да и се одземе детето. Во третиот случај на клиентот не му е дадена услуга од страна на Стоматолошки клиники затоа што имал шифра Ф11 , се лекувал од опијатна зависност и му побарале прво да се тестира за ХИВ и Хепатитис .

Во други два случаи станува збор за не издавање на отпусни писма бидејќи не е платена партиципација за услугата и покрај тоа што станува збор за случаи каде пациентите биле корисници на социјална помош и се во лоша материјална состојба.

**Декриминализација на личната употреба на дроги вклучително и канабисот**

Во 2023 година се случи голем напредок за конечна декриминализација на личната употреба на дроги вклучително и на канабисот. Имено здруженијата ХОПС-Опции за здрав живот Скопје и Коалиција Маргини преку свои претставници учествуваа на седниците на работната група формирана од Владата на Република Северна Македонија која работеше на законските измени и нивниот предлог за допрецизирање на членот 215 од Кривичниот законик со цел јасна примена на одредбата од законот на начин што нема да се казнува поседувањето на дроги заради лична употреба беше прифатен и влезе во предлог законот. Законот беше изгласан на седница на Собрание на Република Северна Македонија во февруари 2023 година.

Промената во законот е следна. Во член 215 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи: „(6) Нема да се казни тој што поседува наркотични droги и психотропни супстанции за лична употреба."

Ова измена на законот беше една од клучните заложби на ХОПС –Опции за здрав живот Скопје и на Коалиција Маргини за кои овие 2 организации се бореа долги години. Измената треба да овозможи да се промени судската пракса и конечно луѓето кои поседуваат дроги вклучително и канабис за лична употреба да не бидат кривично казнувани. Ова претставува голем чекор кон креирање на хумана и ефективна национална политика за дроги која ќе се базира на почитување на човековите права. Сепак забележано е непочитување на овие законски измени од страна на полицијата. Затоа следен чекор што треба да се направи е спроведување на обуки на полицијата, судиите и јавните обвинители за доследно спроведување на измените на законот во духот во кој е донесен, односно преку праксата на надлежните институција да се спречи прогон и казнување на луѓето кои поседувале супстанции за лична употреба.

**Одржливоста на програмите за намалување на штети од употреба на дроги е под голем ризик**

Во 2024 година продолжи неизвесноста околу финансирањето на програмите за намалување на штети од употреба на дроги. По кратењето на буџетот во 2022 година кога без никакво оправдано и издржано образложение Владата пореку Министерството за здравство го скрати буџетот на програмата за заштита на населението од ХИВ за дури 40% во 2024 година немаше зголемување на финансиските средства за овие програми. Ова дополнително го загрози опстанокот на граѓанските организации кои спроведуваат програми за превенција на ХИВ меѓу маргинализираните заедници вклучително и програмите за намалување на штети од употреба на дроги а тоа пак доведува до нарушување на здравствените и социјалните права на ЛКУД кои ги користат услугите на овие програми. Ваквиот несензитивен однос од Министерството за здравство и целосното неразбирање на значењето на овие превентивни програми за јавното здравје во државата ќе доведе до зголемување на ризикот од ХИВ, небезбедна употреба на дрогите, влошување на здравствената и социјалната сотојба на луѓето кои употребуваат дроги како и до зголемување на трошоците за надминување на овие последици

**Препораки**

- Промена на практиката на полицијата и јавното обвинитлество со цел прекинување на кривичниот прогон на луѓе што потребуваат дроги и кривично гонење само врз основа на пронајдена мала количина дроги;

- Зајакнување на капацитетите на полицијата за превенција и заштита од насилство од омраза, донесување на подзаконски акти со кои ќе се уреди постапката за препознавање, заштита на жртвите и мерките за превенција од насилство особено кон луѓето кои употребуваат дроги

- Министерството за внатрешни работи на РСМ самостојно или во соработка со граѓанските организации да ги зајакне капацитетите на полициските службеници за постапување кон луѓе што употребуваат дроги и лица што се зависни од употреба на дроги;

- Да се зајакне надворешната контрола врз постапувањето на полициските службеници и санкционирање на полициските службници кои ги повредуваат правата на луѓето кои употребуваат дроги или пропуштаат да ги заштитат повредите на правата извршени од трети лица.

- Државниот здравствен и санитарен инспекторат да ги зајакне сопствените капацитети за постапување во случаи на дискриминација во здравството;

- Министерството за здравство да преземе мерки за прекинување на практиката од страна на здравствените установи на не издавање на отпусни писма додека не се плати партиципација за услугата;

- Министерството за здравство  во годишниот буџет на програмата за заштита на населението од ХИВ да предвиди доволно финанскиски средства со кои ќе овозможи непречено одвивање на програмите за намалување на штети од употреба на дроги

- Граѓанските организации да вложат дополнителни напори за мотивирање на ЛКУД да ги пријавуваат случаевите на прекршување на нивните права и да поднесуваат претставки до надлежните органи

**Библиографија**

Димова Наташа, Толеранција и вредности на граѓаните,МЦМС, 2021

Дрндаревска Драгана, Извештај за повреди на човекови права од документирани случаи во Коалиција Маргини за периодот 1.9.2023- 31.3.2024, Коалиција Маргини, 2024

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА СО ПРАВАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ/ЧКИ

**Ивана Андреевски**
Менџерка на програмата за поддршка на сексуални работници
Здружение ХОПС-Опции за здрв живот Скопје

### 1. Прекршување на правата на сексуалните работници

Во периодот од 1 јануари 2023 година до 30 јуни 2024 година од страна на Коалиција Маргини документирани се вкупно 28 случи на прекршување на правата на сексуалните работници, на вкупно 20 жртви. Документираните случи се на територија на Скопје 11, Струмица 4, 1 случај Штип, 1 документиран случај Босилово, 1 во Берово и 3 случаи во онлајн просторот.

Според етничка припадност жртвите можеме да ги категоризираме во три групи, и тоа: 9 Македонки, 9 Ромки и 2 Турчинки. Во однос на родов идентитет, сите се жени и тоа 15 цис жени и 5 трасродови жени.

Вкупниот број на сторители е 31. Во три од документираните случаи се по двајца сторители. Во два од случаите станува збор за снимање на сексуалните работнички додека нудат услуги, каде што во едниот случај делото е во областа на повреда на правото на приватност, а во другиот случај семејно насиство и родово засновано насилство. Едниот случај сексуалната работничка е снимена без нејзина дозвола и снимката не е објавена, дека пак во вториот случај сексуалната работничка се согласила да биде снимена но не и објавена. Во третиот случај каде што се појавуваат двајца сторители станува збор за физичко насилство врз сексуална работничка од страна на трето лице во областа на семејно и родово базирано насилство и Министерството за внатрешни работи како прекршување на правото на полициска постапка, при што не е постапено по пријава.

Од вкупниот број на сторители 24 се физички лица, 1 е правно лице, во 4 случаи припадници на службите на МВР и 2 здравствени институции.

Поделено по области од вкупниот број на документирани случаи, најголем број на документираните случаи се во област на семејно насилство и родово засновано насилство и тоа 17 случаи. Со по 3 случаи се прекршување на правото во полициска постапка и говор на омраза. Само по 1 случај останува во областите: повреда на правото на приватност, прекршување на здравствените права и права на пациенти, дискриминација, прекршување на работнички права, насилство од омраза, здравствена состојба, лично својство и општествен статус и занимање. Само во еден од случите се се наведени три области за прекршување на правата. Детален приказ во графиконот број 1.

**Графинкон 1: Документирани случаи по области**




Најголем број на документирани случаи се во областа на **семејно насилство и родово засновано насилство.** За 7 од наведените случаи станува збор за семејно насилство, а за 10 родово засновано насилство. Во 7те случаи на семејно насилство, во 6 од нив како сторител на делото се јавуваа интимен партнер, а само во еден од случаите е татко на сексуална работничка. Во случаите на родово засновано насилство, во 4 од нив се 5 непознати лица, со тоа што во еден од случите се двајца сторители и во останатите 6 документарни случаи како сторители се клиенти на сексуалните работнички. Во најголем процент на документираните случаи кои се во областа на семејно насилство и родово засновано насилство, занимањето т.е. сексуалната работа е основ за да се изврши делото. И во случаите на семејно насилство се провлекува насилството поради изборот на работа.

Во оваа област станува збор за грубо прекршување на правата и нанесување на телесни повреди, како и психолошко насилство кои носи последици врз менталното здравје. Кај жртвите предизвикува силно чувство на болка, страв и неретко и чувство на засраменост од околината. Во

два од случаите се провлекува и објавувањето на интимни содржини на социјалните медиуми, што дополнително ја отежнува положбата на жртвата.

Ова покажува дека сексуалните работници се наоѓаат на пресекот на повеќе форми на маргинализација, што значи дека последиците од родово заснованото и семејното насилство можат да бидат особено сериозни и комплицирани. Штетните последици од насилството ги прави подложни на уште поголема стигма кога се жртви на семејно или родово засновано насилство. Ова често ги спречува да побараат помош или правна заштита. Неретко сексуалните работнички кои се жртви на наслситво може да предизвика и социјална изолација. Честопати се изолирани од семејството и пријателите, што ја отежнува нивната способност да најдат поддршка и да се извлечат од насилните ситуации. Не се исклучуваат и економските последици, кои доведуваат до намален приход поради неможност за работоа што што ги влошува нивните економски услови и ги прави поранливи на експлоатација и дополнително насилство, а со тоа стануваат и се повеќе економски зависни.

Се од горе наведеното укажува на тоа да поддршката за овие лица треба да биде специјализирана, со разбирање за нивната специфична ранливост и контекст од страна на релевантните институции.

Три од случаите припаѓаат на областа **прекршување на правото во полициска постапка.** Во едниот случај после пријава на семејно насилство по телефон, послициската службеничка не само што не повела постапка и не превзела понатмошни дејствија, таа ја навредувала жртвата со погрдни зборува. Во вториот случај трансродова сексуална работничка која ги нуди своите услуги на јавен простор била навредена од страна на полициски службеник пред нејзин клиент, откривајќи го нејзиниот билошки пол, а воедно била и наверувана по основ на нејзиниот родов идентитет. Во тертиот случај пак станува збор за сексуална работничка која била претресувана од страна на полициски службеници, мажи. Сексуалната работничка побарала да биде претресувана од жена, но не и било овозможено тоа право и била навердувана по сонов на занимање од страна на полициските службеници.

Прекршувањето на правто на полициска постапка сексуалните работници ги изложува на повисоки ниво на насилство, им се загрозува физичкото и менталното здравје, ја зајкнува недовербата кон институциите, дополнително ги стигматизира и дискриминира. Потребно е сензитивизација на полициските службеници за работа со сексулните работници, како група на граѓани кои се исклучително ранливи на насилтво.

Три случаи исто така се документирани во областа на **говор на омраза**. Сите три случаи се во онлајн просторот. Еден од случите е на јавен интернет сервис, каде сексуална работничка е навредувана по основ на занимање. Во вториот случај станува збор за навреди на својот личен профил на трансродова сексуална работничка на социјалните мрежи после објава на текст поврзан со сексуалната работа. Во третиот случај станува збор за лични навреди и барање на средби од страна на клиент, каде трасроводата сексуална работничка трпи психолошко насилство и по основ на нејзиното занимање и по основ на родовиот идентитет.

Говорот на омраза создава чувство на „дозволеност“ кај општеството да изразува негативни ставови и предрасуди кон сексуалните работници. Говорот на омраза има сериозни последици врз менталното здравје на сексуалните работници. Постојаното изложување на негативни пораки и омраза може да предизвика негативни последици кои дополнително ја влошуваат нивната емоционална состојба, а со тоа и севкупната благосостојба.

Во еден документиран случај опфатени три области: **здравтсвена состојба, лично својство и општествен статус и занимање**. Сексуална работничка која употребува дроги е дискриминирана од страна на матичен лекар, кој не сака да ја прифати за пациент и одбива да ја прегледува.

**Прекршувањето на работничките права** е кај сексуална работничка која е вработена во приватен сектор. Сексуалната работничка добила закана за губење на своето работно место, поради користење на боледување за нејзиното дете.

Сексуална работничка која своите услуги ги нуди во јавен простор, од страна на непознато лице била посипана со сок и навредувана по основ на занимање. Овој документиран случај е во обласат **насилство од омраза**.

**Прекршување на здравствени права и права на пациенти.** Сексулана работничка која претрпела физичко насилство при преглед во ургенет центар и бил наплатена медицинската услуга. Иако била придружувана од стручно лице од граѓанкса организација и биле детално објаснати законските обврски согласно Законот за спречување и заштита од насилтво врз жените и семејно насилство, улсугата била наплатена.

Во областа на **повреда на правато на приватност,** докуметиран е еден случај. Сексулнат работничка која нуди улсуги на јавен простор, додека била со клиенти, неговиот другар ги снимал. После интервенција на тимот на терен и сексуалната работничка, снимката е избришана.

### 2. Добиени пресуди на домашните и странски судови

Европскиот суд за човекови права донесе пресуда против Северна Македонија со која утврди дека државата ги изложила сексуалните работници на нехуман и понижувачки третман додека биле лишени од слобода во полициска станица, оставени цела ноќ без храна, вода и пристап до тоалет. Исто така, Судот утврди повреда на правото на приватност поради објавата на фотографии од жртвите на веб страна на Министерството за внатрешни работи без да биде прикриен нивниот идентитет и ја задолжи државата да им исплати износ од 13.300 евра за претрпените повреди и неефикасната заштита на нивните права пред домашните судови.

Во ноември 2008 година, Министерството за внатрешни работи со спектакуларна полициска акција наречена „Сузбивање на улична проституција„ приведе 23 сексуални работници, активистка на здружение на граѓани и неколку случајни минувачи кои беа затекнати покрај кејот на реката Вардар. Од сите приведени, 23 сексуални работници без да бидат информирани за причините за лишување од слобода, беа задржани цела ноќ во полициската станица Бит Пазар, а утредента беа однесени на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби каде беа тестирани за крвно и сексуално преносливи болести, па беа пуштени на слобода.

После 15 години, 4 сексуални работнички кои беа истрајни во постапката ја добија правдата. Оваа пресуда, иако со задоцнување, е потврда дека државата има обврска да ги почитува правата на сите и со темелна и ефикасна истрага да ги испита наводите за нехумано и деградирачко постапување, особено кога истите доаѓаат од ранлива група на граѓани.

### 3. Значајните промени во легислативата

Во периодот на известување нема значајни промени во легислативата за унапредување на правата на сексуалните работници. Подготовките за претседателски и парламентарни избори во првата половина на 2024 година и промените кои ги донесоа овие измени, го променија фокусот на донесувачите на одлуки.

### 4. Застапувачки политики за унапредување на правата на сексуалните работници

Во текот на периодот на известување најголем број од членките на Платформата за декриминализација на сексуалната работа се соочуваа со предизвици за организациска одржливост. Застапувањето на организациите беше насочено кон одржувањето на програмите за сексуални

работници воопшто, согласно на кратењето на буџетските средства предвидени во Превентивната програма за ХИВ, од страна на Министерството за здравство. Организациите не беа во можност да одвојат средства за застапување кое се однесува на унапредувањето на правата на сексуалните работници. Воедно и неповолната политичка ситуација, поточно промената на владината структура, ја направи климата неизвесна и неконструктивна за застапувачки политики.

## 5. Иницијативни и активности за унапредување на правата на сексуалните работници

Одбележувањето на клучни денови за сексуалните работници се клучни иницијативи и активности за унапредување на правата на сексуалните работници. Во текот на годината се одбележуваат 4 дена посветени на сексуалните работници ширум светот и тоа: 3ти Март – Меѓународен ден за правата на сексуалните рабници, 2ри јуни – Меѓународниот ден на сексуалните работници, 4-ти септември - Меѓународниот ден на гордоста на сексуалните работници и 17-ти декември – Меѓународниот ден за стоп на насилството врз сексуалните работници.

Позначајните одбележувања во текот на 2023 година се однесуваат на 2-ри јуни, Меѓународниот ден на сексуалните работници, каде СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот ја спроведоа јавната кампања „Месец на сексуалните работници“. Како дел од оваа кампања, организирани беа три јавни настани насловени „Жива библиотека со сексуални работници“, кои се одржаа во три различни региони од земјата.

На 17-ти декември, СТАР – Првиот колектив на сексуални работници на Балканот и ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, го одржаа 16-тиот Марш на црвените чадори, носејќи ја порака за видливост и еднаквост низ улиците на Скопје. Оваа кампања, насловена 5353 денови до правда беше посветена на победата и конечната правда за сексуалните работници по пресудата на Европскиот суд за човекови права за случајот Д.Х. и други против Северна Македонија, случај на полициско насилство и кршење на приватноста од 2008 година.

## ЗАКЛУЧОК

Анализата на состојбата со човековите права на сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, луѓето што живеат со ХИВ и ЛГБТИК луѓето покажува конзистентен и системски образец на маргинализација, структурна дискриминација и институционални пропусти во заштитата на нивните права.

И покрај разликите во специфичните контексти на секоја заедница, заеднички именител е високото ниво на стигма, која директно влијае врз пристапот до здравствена заштита, правна заштита и социјални услуги. Особено загрижувачки е фактот што институциите – наместо да обезбедат заштита – често се јавуваат како директни или индиректни сторители на прекршувања, особено во полициската и здравствената сфера.

Документираните случаи покажуваат дека насилството (физичко, психолошко и институционално), дискриминацијата и говорот на омраза не се изолирани појави, туку се системски вкоренети и често несанкционирани. Дополнително, интерсекциската ранливост (на пример, род, сиромаштија, здравствен статус, занимање) ги продлабочува последиците и ја зголемува изложеноста на прекршувања.

Клучен проблем претставува недовербата во институциите, што резултира со ниско ниво на пријавување и ограничен пристап до правда. Ова создава затворен круг во кој прекршувањата остануваат невидливи, неадресирани и повторливи.

Оттука, може да се заклучи дека постојната правна и институционална рамка не обезбедува ефективна и еднаква заштита на човековите права за овие заедници. Потребни се системски интервенции кои ќе вклучуваат: доследна примена на законите, институционална одговорност, сензибилизација на службениците, како и политики насочени кон намалување на стигмата и обезбедување еднаков пристап до услуги и правда.